Bela Roza TRAVEL AGENCY

Аддресс: Булевар 1-ви Мај 185 7000 Битола, Македониа - Телепхоне: 047 225 254
Фаџ: 047 228 254 ГСМ: 075 462 344 - Е-маил беларозаЖт-хоме.мк

# Еднодневна посета на КОРЧА

Корча е позната уште како Лулка на Албанската култура, и е најголем град во регионот. Историските документи датираат уште од првата половина на XV век, кога Корча беше имот на Музакајт, една од познатаите фамилии од тоа време. Со текот на времето станал многу важен трговски центар. Големи Албански Каравани ги започнуваа своите тури, токму од тука до Турција, Грција и Русија. Корча и сега важи за најбитен економски и историски центар во регионот, кој поседува источни карактеристики, благодарение на Француските влијанија во поглед на урбаноста и Архитектурата. Денес Корча ке Ве пречека со многу убави паркови, чисти улици и карактеристични улици со калдрма.



Старата црква во околината на Корча, заедно со бројните манастири и цркви, станаа центар на православието во југоисточниот дел на Албанија. Тука е големата православна заедница и седиштето на грчкиот православен владика. Тука се наоѓа Музејот на средновековната уметност, отворен во 1980 год., каде можат да се видат делата на најзначајните средновековни албански уметници,….златари, кујунции, дрворезбари …, како и иконографскиот дел, сместен во две традиционално уредени згради, овде има околу 1200 објекти собрани во текот на археолошките истражувања од праисторискиот, грчкиот римскиот и палевизантискиот период.,…. потоа Народниот Педагошки Музеј отворен во зградата на првата Албанска Школа во Корча. Тука е и големата Џамија од ЦВ век и неколку современи администраивни згради.





За Корча велат дека е најчистиот град во Албанија, познат е и по убавите девојки, традицијата за пеење серенади, живописниот пазар, карневалите како и одличната храна. Во центарот на градот, на старите темели,се наоѓа обновената - преубавата Православна црква изградена во 1992, седиштете на грчкиот православен Владика. Старите калдрмосани улици ве водат низ градот како и до главните улици. Луѓето се многу срдечни, гостопримливи и векикодушни. Корча е центар на древната историја и култура, со погодна клима, град кој има многу големо влијание од Балканот и Западот.





Состанок на групата во 06.00 часот. Поаѓање за Корча, панорамски разглед на градот, прошетка низ шеталиштето, можност за пиење кафе во еден од многубројните кафичи,..посета на Црквата во центарот на градот...можност за индивидуален шопинг во пазарот,…Посета на Поградец со можност за ручек. … Во попладневните часови поаѓање за Битола, со попатна посета на Св. Наум. Пристигнување во Битола во вечерните часови.

## ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: ден.

**Во цената на аранжманот е вкључено:**
- превоз на дадената релација
- организација и реализација на патувањето

**Во цената на аранжманот не е вкључено:**
- патничко осигурување
- други индивидуални трошоци

**Напомена:**

За реализација на аранжманот, потребен е минимум од 50 патници

За овој аранжман важат општите услови за патување на ТА Бела Роза II